Врз основа на член 384 од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 27.04.2023 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА СВИКУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

1. Да се свика годишно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица .

Собранието да се одржи на ден 29.05.2023 година (понеделник), со почеток во 9 часот, во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Собранието на акционери да работи со следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на извештајот за работењето на друштвото за 2022 год.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за 2022 год.
3. Разгледување на извештајот за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2022 год.
4. Разгледување и прифаќање на извештајот за ревизија на годишната сметка на друштвото за 2022 год.
5. Донесување одлука за распределба на искажаната добивка по годишната сметка за 2022.
6. Донесување одлука за одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото.
7. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп.
8. Донесување одлука за оттуѓување на сопствени акции.
9. Донесување на одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори
10. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори

Избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за деловната 2023 година.Се задолжува Општоправниот сектор да спроведе постапка за огласување на јавен повик за одржување на годишното собрание на акционери и истиот да биде објавен во дневниот печат и на официјалната интернет страна на друштвото.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
Одбор на директори
Партенов Зоран

Ве молиме преку Вашиот ценет весник да биде емитуван следниот повик

Врз основа на член 384, 387 став 3, 388, 388-а и 388-б од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица ОБЈАВУВА:

## П О В И К

За свикување на годишно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица за ден 29.05.2023 година (понеделник) со почеток во 09 часот, а со следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на извештајот за работењето на друштвото за 2022 год.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за 2022 год.
3. Разгледување на извештајот за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2022 год.
4. Разгледување и прифаќање на извештајот за ревизија на годишната сметка на друштвото за 2022 год.
5. Донесување одлука за распределба на искажаната добивка по годишната сметка за 2022.
6. Донесување одлука за одобрување на работата на Одборот на директори на друштвото.
7. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп.
8. Донесување одлука за оттуѓување на сопствени акции.
9. Донесување на одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори
10. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори
11. Избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за деловната 2023 година.

Годишното собранието ќе се одржи во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Право на присуство, учество во работата и одлучувањето на годишното собранието имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, лично или преку полномошник со полномошно кое не мора да биде заверено на нотар. Акционерот мора да го извести друштвото по писмен пат за назначувањето на полномошник на адресата на друштвото,во архивата на друштвото или електронски на електронска пошта contact@ograzden.com.mk.

Секој акционер кој сака да учествува во собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна до почетокот на седницата.

Акционерите кои поединечно или заедно имаат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предлагаат точки за дополнување на дневниот ред  или да предлагаат одлуки за усвојување на собранието најдоцна 8(осум)дена по објавувањето на повикот. Прашања можат да се поставуваат до завршувањето на собранието.

Правилата и начините на постапување, детално, се објавени на веб страната на друштвото њњњ.огразден.цом.мк.

Материјалите за работа на годишното собрание ќе бидат достапни на официјалната интернет страница на АД за Неметали "Огражден" Струмица и во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239 секој работен ден од 13 - 15 часот.

АД за неметали
"Огражден" Струмица

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД ЗА НЕМЕТАЛИ "ОГРАЖДЕН" СТРУМИЦА ЗА 2022 год.

**Годишен извештај за производство-2022 година**




1.Автоматски млин (мелен фелдспат- 20121/2022 изразено во 1*1000 тони)

2.Хамзали (фелдспат- 2021/2022) ,изразено во 1*1000 тони)

3.Мемешли (мермер- 2021/2022) , изразено во 1*1000 тони

4.Микромелница ( мелен мермер- 2021/2022) ,изразено во 1*1000 тони)

5.Погон за суви градежни производи ( 2021/2022), изразено во 1*1000 тони)

**Комерцијален извеШтај**

за работењето на АД за неметали Огражден и Огражден Микромикс дооел Ђ 2022г.

Во 2022год. во АД за неметали Огражден Струмица има остварено вкупна реализација од продажба на сопствени производи 122612681.90 ден. и тоа 35336.24т мелен фелдспат (Ф500 ; Ф100 ; 0-4м ; 0-8мм ) , 19936.30т сепариран песок ( тампон, др. варовник, бела руда), и 43150533.79 ден. од продажба на 7734.51т готови производи.

Во Огражден Микромикс дооел остварена е вкупна реализација од 16217817.73 ден. од продажба на 11657.785т.

Резултатите од реализацијата на сопствените суровини и готови производи во 2022 год. количински и финансиски се повисоки во споредба со 2021год.во однос на продажбата на мелен фелдспат, останатотото е во рамките на проектираните годиШни планови за 2022год.

Споредените резултати 2022/2021 кај фелдспатот покажуват индекс 135 ; сепариран песок 85 ; готови производи 82 ; калциум карбонат 80.

Показателите за продажбата на суровините и готовите производи во 2022год. во однос на домаШениот пазар и странство покажуваат дека реализацијата кај фелдспатот е 100% на странските пазари за познати и нови купувачи. Во 2022год. најголем извоз кај фелдспатот е остварен во Србија, потоа Бугарија , Грција, Полска , Хрватска, СловенијаЩ

Продажбата на готовите производи е 90% на домаШен пазар /10 % извоз.

Кај калциум карбонатот 100% реализација е 100% на домаШен пазар.

Просечните продажни цени за 2022год. се во рамките на планираните цени за 2022год. согласно купо-продажните комерцијални договори без позначителни промени во споредба со 2021год.

## И З В Е Ш Т А Ј

за резултатот за период 01.01.-31.12.2022

Во текот на периодот, АД за неметали Огражден Струмица ги оствари следниве расходи:

| Рб. | Опис | 2022 | 2021 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 105,593,042 | 82,707,533 | 128 |
| 2 | Услуги | 6,885,526 | 4,591,971 | 150 |
| 3 | Амортизација | 22,145,908 | 15,727,184 | 141 |
| 4 | Дневници и трошоци за службен пат | 9,430,032 | 6,732,596 | 140 |
| 5 | Репрезентација,спонзорство и пропаганда | 2,329,260 | 3,894,087 | 60 |
| 6 | Осигурување | 619,011 | 763,969 | 81 |
| 7 | Банкарски услуги | 971,469 | 742,862 | 131 |
| 8 | Останати трошоци од работење | 6,785,762 | 1,967,216 | 345 |
| 9 | Други нематеријални трошоци | 4,516,940 | 8,790,153 | 51 |
| 10 | Нето плати | 26,902,979 | 25,956,195 | 104 |
| 11 | Придонеси и даноци по вработени | 11,545,905 | 10,937,877 | 106 |
| 12 | Други трошоци по вработени | 621,141 | 2,279,550 | 27 |
| 13 | Камати и курсни разлики | 8,978,562 | 5,240,989 | 171 |
| 14 | Набавна вредн.на продадени стоки | 8,845,674 | 4,063,249 | 218 |
| 15 | Промена во вредноста на залихите | 964,421 | -1,578,259 | -61 |
| | Вкупно расходи | **217,135,632** | **172,817,172** | 126 |

Остварени приходи во текот периодот:

| Рб | Опис | 2022 | 2021 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба во земјата | 88,762,325 | 91,943,308 | 97 |
| 2 | Приходи од продажба во странство | 116,594,614 | 76,431,264 | 153 |
| 3 | Приход од употреба на сопств.пр. | 1,777,688 | 1,776,468 | 100 |
| 4 | Останати деловни приходи | 11,256,669 | 2,862,384 | 393 |
| 5 | Приходи од камати и курсни ралики | 150,281 | 489,142 | 31 |
| | Вкупно приходи | **218,541,577** | **173,502,566** | 126 |
| | Вкупно расходи | **217,135,632** | **172,817,172** | 126 |
| | Добивка пред оданочување | **1,405,945** | **685,394** | 205 |
| | Данок од добивка | **183,787** | **519,267** | 35 |
| | Нето добивка | **1,222,158** | **166,127** | 736 |

# К О Н С О Л И Д И Р А Н   И З В Е Ш Т А Ј

за резултатот за период 01.01.-31.12.2022

Во текот на периодот, АД за неметали Огражден Струмица, Огражден-Микромикс ДООЕЛ, ПЗУ поликлиника МАРТИНИ и ПЗУ аптека МАРТИНИ ФАРМ  ги остварија следниве расходи:

| Рб. | Опис | 2022 | 2021 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 116,261,931 | 92,284,358 | 126 |
| 2 | Услуги | 10,958,672 | 9,723,184 | 113 |
| 3 | Амортизација | 25,134,047 | 17,862,655 | 141 |
| 4 | Дневници и трошоци за службен пат | 9,550,392 | 7,078,537 | 135 |
| 5 | Репрезентација,спонзорство и пропаганда | 2,998,997 | 4,518,036 | 66 |
| 6 | Осигурување | 634,955 | 781,723 | 81 |
| 7 | Банкарски услуги | 1,250,649 | 1,006,213 | 124 |
| 8 | Останати трошоци од работење | 7,750,040 | 2,153,102 | 360 |
| 9 | Други нематеријални трошоци | 6,436,692 | 8,856,676 | 73 |
| 10 | Нето плати | 42,653,408 | 40,024,245 | 107 |
| 11 | Придонеси и даноци по вработени | 19,504,242 | 18,032,073 | 108 |
| 12 | Други трошоци по вработени | 1,274,540 | 2,754,378 | 46 |
| 13 | Камати и курсни разлики | 9,095,234 | 5,333,013 | 171 |
| 14 | Набавна вредн.на продадени стоки | 15,452,875 | 9,207,150 | 168 |
| 15 | Промена во вредноста на залихите | 935,164 | -1,549,249 | -60 |
| | Вкупно расходи | **269,891,838** | **218,066,094** | 124 |

Остварени приходи во текот периодот:

| Рб | Опис | 2022 | 2021 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба во земјата | 141,779,603 | 140,789,225 | 101 |
| 2 | Приходи од продажба во странство | 116,594,614 | 76,474,316 | 152 |
| 3 | Приход од употреба на сопств.пр. | 2,089,249 | 1,887,168 | 111 |
| 4 | Останати деловни приходи | 11,701,559 | 3,805,273 | 308 |
| 5 | Приходи од камати и курсни ралики | 150,489 | 489,178 | 31 |
| | Вкупно приходи | **272,315,514** | **223,445,160** | 122 |
| | Вкупно расходи | **269,891,838** | **218,066,094** | 124 |
| | Добивка пред оданочување | **2,423,676** | **5,379,066** | 45 |
| | Данок од добивка | 753,920 | 922,125 | 82 |
| | Нето добивка | **1,669,756** | **4,456,941** | 37 |

**Генерален директор**

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Се УСВОЈУВА годишниот извештај за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2022 година.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
одбор на директори

________________________
Зоран Партенов

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Се УСВОЈУВААТ годишната сметка за 2022 година и финансиските извештаи за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2022 година.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
одбор на директори

________________________

Зоран Партенов

**До**

**Собрание на акционери при**
**АД за Неметали**
**“Огражден” Струмица**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Службата за Внатрешна ревизија на АД за Неметали Огражден Струмица за деловната 2022 година**

Согласно одредбите од Законот за Трговски Друштва утврдена е обврска според која акционерските друштва кои имаат посебни обврски за известување се должни да организираат Служба за внатрешна ревизија како независна организациона единица во друштвото.

Организациска поставеност, права, одговорности и односи со другите организациски единици на друштвото и назначување на раководител на Службата за внатрешна ревизија ги уредува органот на надзор.

Внатрешната ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото преку: оценка на адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола, оценка на точноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи, проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно прописите, усогласеноста со интерните политики и процедури на друштвото, законите и регулативата што се во сила, како и на општата ефикасност во работењето на друштвото.

Спроведувањето на ревизијата, внатрешниот ревизор ја вршеше во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои бараат извршување на ревизијата на начин кој овозможува разумно уверување дека во финансиските извештаи и работењето на компанијата нема погрешни прикази од материјално значење. Внатрешниот ревизор во овој период ревизијата ја насочи кон проверка на изворната документација и ја насочи својата работа кон стекнување на контролно уверување преку идентификација и тестирање на контролни активности и прибирање ревизорски докази.

Спроведените ревизорски прегледи генерално се извршени во рамки на планираното време со мали отстапувања.

Изминатата година Службата за внатрешна ревизија своите активности ги насочи кон контрола на расходите поврзани со возниот парк и механизација, контрола на транспортните услуги, трошоците направени за извршени услуги за одржување, ревизија на контролните активности во делот на деловни односи со купувачите, правилна испорака на стоката, навремено пресметување и испорака на фактурите, наплата и побарувања, редовно потврдување на состојбата со поголемите комитенти, одобрувања попусти и нивната оправданост, контрола на искористување на работно време, остварени резултати, нормирање, контрола на исплата на вработени по пропишани стапки, точност и прецизност во исплатите и одбитоците,

придржување кон релевантните законски прописи, точност во пресметката на додатоци и одбитоци, соодветност и исправност на исплатни листи за плати.

Мислење:

Внатрешната ревизија го потврдува стекнатото разумно убедување дека интерниот контролен систем на друштвото е во најголем дел адекватно имплементиран во насока на минимизирање на значајните материјални ризици и ефикасно и доследно спроведување на законската регулатива и процедури на друштвото.

Ова мислење се издава врз основа на поединечните ревизорски прегледи извршени преку проверка и контрола на избрани примероци, набљудување на процеси и интервјуа.

Како составен дел од ревизијата беа идентификувани одредени слабостите и дадени препораки, насоки, упатства и рокови за имплементација на посочените слабости. Идентификуваните наоди/препораки се од оперативен и нискоризичен карактер и немаат материјално значење. Раководството/одговорните лица ги прифатија скоро во целост дадените препораки и во тек е нивна имплементација.

Службата за внатрешна ревизија ја следи имплементацијата на дадените препораки.

Служба за Внатрешна ревизија

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Се УСВОЈУВА Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2022 година.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
одбор на директори

_______________________

Зоран Партенов

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Се прифаќаат ревизорските извештаи за годишната сметка и финансиските извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2022 година.

2. Се прифаќаат ревизорските извештаи за консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2022 година.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
одбор на директори

________________________

Зоран Партенов

Врз основа на член 383  и 483 од Законот за трговски друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**за распоредување на добивката**

1. Искажаната нето добивка за 2022 година во износ од 268.548 денари се распоредува на следниот начин:

1.1 Добивката во износ од 1.222.158 денари се распоредува во нераспределена  добивка.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
одбор на директори

______________________
Зоран Партенов

**До**
**Собрание на акционери**
**при**
**АД за Неметали**
**"Огражден" Струмица**

## <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

### за работата на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица за деловната 2022 година

Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица во состав: Зоран Партенов, Претседател, со членовите: Аристид Маџунков, Кристина Гошева, Димитар Горгиев и Ѓорге Велковски одржал вкупно 9 состаноци.

Состаноците секогаш се одржувале со потребниот кворум, а одлуките се носеле претежно едногласно, а во некои случаи со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

На состаноците се разгледувале прашања кои со Закон и со Статутот на АД за неметали "Огражден" Струмица се во надлежност и овластување на Одборот на директори.

Прашањата кои се разгледувале и одлуките кои се носеле на седниците на Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица биле од најшироките дејствија во управувањето и водењето на работењето на АД и со поставувањето на дневен ред на такви прашања и донесување на соодветни одлуки, Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица придонел и овозможил и покрај тешките услови на стопанисување, да работи успешно и тековно и дејствувајки во сите околности да постигне добри производствени и финансови резултати.

Од поголемиот број на донесени одлуки од страна на Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица со кои успешно се раководело со друштвото и со работењето, се постигнати позитивни резултати подобрила состојбата во работењето

Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица во текот на овој извештаен период во повеќе наврати темелно ги разгледувал општите акти на Акционерското друштво со цел за постигнување на подобра организација на целокупниот технолошки процес.

Покрај прашањата и одлуките кои се однесувале на тековното работење на АД за неметали "Огражден" Струмица , Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица разгледувал прашања и носел одлуки и за целокупното подобрување на социјалната сигурност на работниците, подобрување на нивниот животен стандард, подобрување и зголемување на безбедноста и здравјето при работа.

Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" Струмица во повеќе наврати одлучувал и во втор степен при заштитата на правата на работниците.

При целокупното управување и раководење со АД за неметали "Огражден" Струмица , Одборот на директори ги користел мислењата и упатствата на соодветни стручни кадри како од вработените во друштвото така и од соодветни научни институции.

Претседател на
одбор на директори

________________________

Зоран Партенов

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

Член 1

Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица предлага да се изврши стекнување сопствени обични акции со откуп.

Максималниот број на обични акции што може да се откупат да се утврди на 4.000 акции во вкупна номинална вредност од 12.000.000,00 денари.

Друштвото ќе го врши откупот на сопствените акции од делот од добивките искажани од предходните години.

Член 2

Номиналната вредност на сопствените акции наведени во член 1 од оваа Одлука што Друштвото може да ги откупи да изнесува 10% од номиналната вредност на акционерскиот капитал на Друштвото.

Член 3

Откупот на акциите од член 1 на оваа Одлука да се изврши најдоцна до 27.05.2024 година.

Минималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 900,00 денари за една обична акција, а максималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 1.900,00 денари за една обична акција.

Член 4

Друштвото ќе врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

Член 5

Се овластува Одборот на директори на АД за неметали Огражден, да носи одлуки за стекнување сопствени акции ако е тоа неопходно да се спречи сериозна и непосредна штета што би ја претрпело Друштвото.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на одбор
на директори

____________________________

Зоран Партенов

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за неметали Огражден Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе:

# **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

За отуѓување сопствени акции

Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на АД за неметали Огражден Струмица стекнати до одржувањето на годишното собрание на друштвото на ден 29.05.2023 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собрание на друштвото од 29.05.2024 година.

Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номинална вредност на една обична акција на АД за неметали Огражден Струмица изнесува 50 ЕВРА.

Член 3

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.

Согласно законските прописи и Статутот на АД за неметали Огражден Струмица акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции, во пари и акции.

Член 4

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

Член 5

Собранието на друштвото го овластува Одборот на директори на АД за неметали Огражден Струмица, поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

Член 6

Купувачите на сопствени акции на АД за неметали Огражден Струмица ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 7

Согласно законските одредби и Статутот на друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:

- Право на глас во собранието на друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото

Член 8

АД за неметали Огражден Струмица по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Одбор на директори

____________________________

Зоран Партенов

Врз основа на член 70 став 1, а во врска со член 49 став 1 од Статутот на АД за Неметали "Огражден" - Струмица - Пречистен текст, како и член 363 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 27.05.2023 година, со јавно и поединечно гласање, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А**

**за отповикување на членовите на Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" - Струмица**

1. **Се отповикуваат** сите членови на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица и тоа:

1. Аристид Маџунков, член
2. Зоран Партенов, неизвршен член
3. Димитар Ѓоргиев, неизвршен член
4. Крстина Гошева, неизвршен член
5. Георге Велковски, неизвршен и независен член

**2.** Отповикувањето на членовите на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица од точка 1 на оваа одлука, се врши заради истекување на мандатот и промена на член.

**3.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**4. СЕ ОВЛАСТУВА** генералниот директор на АД за неметали "Огражден" - Струмица, да ја поднесе пријавата за упис во Трговскиот регистар на отповикувањето на членовите на Одборот на директори.

**5.** Примерок од Одлуката да се достави до: Трговскиот регистар, наведените отповикани членови на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 48 од Статутотот на АД за Неметали "Огражден" - Струмица - Пречистен текст, како и член 367 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 27.05.2023година, со јавно и поединечно гласање, ја донесе следната:

## <u>П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А</u>
## за избор на членовите на Одбор на директори на АД за неметали "Огражден" - Струмица

**1.** За членови на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица се избираат лицата:

1. Аристид Маџунков, член
2. Зоран Партенов, неизвршен член
3. Димитар Ѓоргиев, неизвршен член
4. Крстина Гошева, неизвршен член
5. Сашко Ќосевски, неизвршен член

За независен член на Одборот на директори кои воедно е неизвршен член се избира лицето Сашко Косевски.

**2.** Мандатот на членовите од став 1 на оваа Одлука трае 6 (шест) години сметано од денот на изборот, со право на повторно именување.

**3.** Се задолжуваат лицата од став 1 на оваа Одлука избрани за членови на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица по влегување во сила на оваа Одлука да одржат своја конститутивна седница на која ќе изберат лице кое ќе биде Извршен член и ќе го носи називот Генерален Извршен директор, како и неизвршен член кој ќе биде и Претседател на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица .

**4.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**5.** Примерок од Одлуката да се достави до: Централниот регистар, наведените членови на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

Претседавач на
Собрание на акционери

Стојчев Коста

Врз основа на член 383 и член 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.05.2023година донесе

**П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А**

**за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2023 год.**

1. За извршување на ревизијата на годишната сметка за 2023 год. и за финансиските извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица, Собранието на акционери да го именува овластениот ревизор "Идеја Плус Ревизија и Консалтинг" ДОО - Радовиш, како најповолен понудувач.

2. Да се овласти Генералниот извршен директор на АД за Неметали "Огражден" Струмица со "Идеја Плус Ревизија и Консалтинг" ДОО - Радовиш да склучи соодветен договор со кој ќе се утврдат правата и обврските на двете договорни странки.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на
одбор на директори

____________________

Зоран Партенов